**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот**
**одржана на 18.10.2011 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, м-р Алма Машовиќ, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Арѓент Џелили, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Соња Кадиева и Бисера Станоевска, Дневник, Светлана Вукичевска и Наќа Ботев, Вечер, Митко Затковски и Дејан Ристовски, Телма, Трајче Илиевски, МТВ, Александар Спасовски, Сител, Марјан Пушевски, МРТ, Марија Севриева, Капитал, Ивановска Елена, Канал 5.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја отвори 18-та седница на Советот за радиодифузија. Пред да се усвои Дневниот ред, ги запраша присутните членови на Советот, дали имаат предлози за измена и дополнување на понудениот Дневен ред. Членот на Советот м-р Зоран Трајчевски предложи точката број 5, односно Информација за работењето и исполнување на условите од дозволата на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје, да се одложи за следната седница, и да се додаде нова точка, односно – Разгледување на Барањето од ТРД Канал 5 за повлекување на прекршочната пријава констатирана по извршениот мониторинг на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 5 емитуван на 22 јули 2011 година.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески предложи точките 32, 33, и 34 кои се однесуваат на Барање на финансиски средства на вработените од СРД за додипломски и последипломски студии да се интегрираат во една точка, бидејќи станува збор за иста проблематика, со различна формулација, и да гласат под формулацијата - одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, под а, б и в.

Членот на Советот, акад. Али Алиу, побара да добие образложение зошто точката 5, Информација за работењето и исполнување на условите од дозволата на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Алб ТВ 2010 ДООЕЛ, Скопје, да биде одложена, бидејќи членот на Советот, акад. Али Алиу е против одложување. Имаше и конкретни забелешки околу гласањето за одложување на оваа точка. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски како причина ја наведе потребата од дополнително прибирање на информации за овој радиодифузер.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи се јави за збор и рече дека го почитува размислувањето за одложување на точката 5. Но, потсети, дека на 15-та седница, одржана на 12.09.2011 година, оваа точка беше на дневен ред и по одржаната дискусија, Советот одлучи да се одложи, бидејќи постоела потреба за да се приберат дополнителни информации и да се оствари состанок со сопствениците на Алб ТВ. Од тогаш, рече, дека е поминат период од околу еден месец, за кој смета дека е доволен за да се добијат потребните информации и затоа предложи да не се одложува повторно за наредна седница, односно заеднички да се разгледа и да се слушнат најновите информации од одржаниот состанок. Напомена, дека треба да се дискутира за медиум кој зрачи на државно ниво и дека повеќе од два месеци не ја емитува својата програма. И без оглед на крајната одлука на Советот, рече, дека сепак не треба да се тргне од Дневен ред, бидејќи работата и задачата на Советот за радиодифузија е да ја разгледа најновата состојба со Друштвото за телекомуникации и радиодифузија

Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје, и во тој правец да се преземат потребните чекори за во иднина.

Членот на Советот, Методија Стоименоски, предложи точката 8, Предлог за потребни интервенции во просторот. (Од Комисијата за утврдување на состојбата со дополнително закупениот деловен простор и за подготвување на предлог за потребни интервенции во просторот), да биде под а), и да се додаде Ребаланс на буџетот на СРД кој е неопходен за оваа намена, под б).

Предлогот на членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, да се одложи точката 5, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го стави на гласање. За овој предлог гласаа: м-р Зоран Трајчевски, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, Замир Мемети, Селвер Ајдини, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Методија Стоименоски. Против: м-р Зоран Стефаноски, акад. Али Алиу, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов и Бранко Радовановиќ. Воздржани: Столе Наумов и проф. Томе Груевски. Советот констатира дека точката 5, Информација за работењето и исполнување на условите од дозволата на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје, се одложи за наредна седница.

Предлогот на членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, да се додаде нова точка – Разгледување на барањето за повлекување на прекршочна пријава на Канал 5, го стави на гласање. За него гласаа следните членови на Советот: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Методија Стоименоски, м-р Зоран Трајчески, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, акад. Бојан Шоптрајанов, Столе Наумов и акад. Али Алиу. Против беа: Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски и членот на Советот, проф. Томе Груевски, и двајца воздржани. Советот донесе одлука да се додаде оваа точка во Дневниот ред.

Предлогот на членот на Советот, м-р Методија Јанчески, кој предложи точките 32, 33, и 34, кои се однесуваат на Барање на финансиски средства на вработените од СРД за додипломски и последипломски студии да се спојат во една, односно под а), б), и в), го стави на гласање. „За“ гласаа: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчески, Методија Стоименоски, Земер Мехмети, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески и Лазо Петрушески. Против гласаа: м-р Зоран Стефаноски, проф. Томе Груевски, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ, додека м-р Милаим Фетаи беше отсутен на гласањето. Предлогот е прифатен точката 32 да биде нумерирана под а, б, и в.

Предлогот на членот на Советот, Методија Стоименоски, точката 8, Предлог за потребни интервенции во просторот. (Од Комисијата за утврдување на состојбата со дополнително закупениот деловен простор и за подготвување на предлог за потребни интервенции во просторот), да биде под а), и да се додаде Измена на финансиски план и јавни набавки кој е неопходен за оваа намена под б), во текот на дискусијата ја измени формулацијата. Во таа насока, членот на Советот, Столе Наумов, предложи Измената на финансиски план и јавните набавки, да се додаде како нова, посебна точка. За овој предлог гласаа: Столе Наумов, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Методија Стоименоски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, Методија Јанчески, проф. Томе Груевски, Бранко Радовановиќ и Лазо Петрушевски. Против беа м-р Зоран Стефаноски и акад. Али Алиу а останатите членови на Советот беа воздржани.

Бидејќи немаше други предлози за дополнување и измени, Советот со четиринаесет гласа „за“ и еден глас против од акад. Али Алиу, го усвои следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на Записникот од 15-та седница на Советот, одржана на 12.09.2011 година.
2. Извештај од мониторингот на непрофитната радиодифузна установа Радио УГД ФМ (Штип) реализиран на 25.08.2011 година.
3. Извештај од мониторингот на ТРД Радио ЕНЏЕЛС (Штип) реализиран на 31.08.2011 година.
4. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ А2, реализиран во периодот од 1

септември до 3 октомври 2011 година.

5. Разгледување на Барањето од ТРД Канал 5 за повлекување на прекршочната пријава констатирана по извршениот мониторинг на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 5 емитуван на 22 јули 2011 година.

6. Информација за барањето за специјалниот известувач на ОН за ситуацијата на бранителите на човековите права во врска со обидот за дискредитација на Хелсиншкиот комитет на РМ.

7. Информација за потребата од донесување на Правилник за измена на Правилникот за условите начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во РМ и радиодифузерите од регионот Скопје.

8. Предлог за потребни интервенции во просторот. (Од Комисијата за утврдување на состојбата со дополнително закупениот деловен простор и за подготвување на предлог за потребни интервенции во просторот).

9. Предлогот за изменување на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2011-та година и Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-3655/1 од 12.10.2011 година.

10. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Морис (Охрид) реализиран на 11.08.2011.

11. Извештај од мониторингот на ТРД ТВМ (Охрид) реализиран на 26.08.2011.

12. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Тера (Битола) реализиран на 13.08.2011.

13. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Орбис (Битола) реализиран на 16.08.2011.

14. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Спектра (Струга) реализиран на 12.08.2011.

15. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Чеграни Медиа (Гостивар) реализиран на 03.08.2011.

16. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Дуе (Гостивар), реализиран на 29 август 2011 година.

17. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Коха (Тетово), реализиран на 2 септември 2011 година.

18. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Супер Скај (Тетово), реализиран на 1 септември 2011 година.

19. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Арт (Тетово), реализиран на 3 септември 2011 година.

20. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Кисс (Тетово), реализиран на 3 септември 2011 година.

21. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Менада (Тетово), реализиран на 29 август 2011 година.

22. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ 24 Вести реализиран во периодот од 5 до 11 септември 2011 година.

23. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Вижн БМ од Прилеп емитуван на 13 август 2011 година.

24. Информација за доставената молба за преиспитување на одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД ТВ Калтрина Мазар Татеши Струга ДООЕЛ, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

25. Информација за доставена жалба за преиспитување на одлуката на Советот

за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот, ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

26. Информација за доставена молба по Записник за констатиран прекршок, бр.03-3371/1 од 20.09.2011 година, од ТРД „Радио Скај" ДООЕЛ Берово, во врска со прекршочната постапка (постапка за порамнување) поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

27. Информација за соодветната и правична застапеност на заедниците во рамките на СРД на РМ (како подготвителна активност за изработка на нацрт-Годишен план за соодветната и правична застапеност на заедниците во Советот).

28. Информација за исполнувањето на обврската на податоците за работењето на радиодифузерите во предходната година на 30 јуни.

29. Информација за преземените активности на ТРД МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација.

30. Информација за преземените активности на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ од Струмица, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација.

31. Информација за неотстранета недозволена медиумска концентрација од страна на ТРД Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ.

32. Информација за трговските радиодифузни друштва што не доставија податоци за економското работење во 2010 година.

33. Информација во врска со Барањата за одобрување финансиски средства за упис на додилпомски и последиполомски студии на :

a) Информација во врска со Барањето за одобрување средства за упис на последипломски студии бр. 04-3404/1 од 22.09.2011 година од Арѓент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот за радиодифузија РМ.

b) Информација во врска со Молбата од Хари Митриќески Клекачкоски за одобрување финансиски средства за дообразување, бр.04-3279/1 од 12.09.2011 година, од Хари Митриќески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ.

c) Информација во врска со Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, бр.04-3277/1 од 12.09.2011 година,од Атила Мемед, Референт за благајна и магацин, доставувач,во Секторот заекономско-финансиски работи на Советот за радиодифузија РМ.

34. Извештај за извршената ревизија на процесот за наплата на надоместокот на патни дневни трошоци за службени патувања во земјата и во странство во 2010 година.

35. Извештај од службено патување, од членот на Советот Лазо Петрушевски – Учество на конференција за е-демократија од 26.09.2011 година до 27.09.2011 година во Охрид.

36. Извештај за службено патување, од членот на Советот Лазо Петрушевски – Учество на меѓународна конференција за Географски Информациони Системи од 06.10.2011 до 07.10.2011 година во Будимпешта, Унгарија.

37. Извештај од учеството на меѓународната конференција ЕТАИ 2011, од Арбен Саити и Арџент Џелили, организирана од Здружението на електротехничари и информатичари од РМ во Охрид.

38. Информација од меѓународната конференција „Религиска толеранција во

Македонија“, одржана на 7 октомври 2011 година.

39. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 15-та седница на Советот, одржана на 12.09.2011 година, и бидејќи немаше забелешки, едногласно го усвои во целост како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на непрофитната радиодифузна установа Радио УГД ФМ (Штип) реализиран на 25.08.2011 година.

Членот на Советот, Столе Наумов го постави прашањето за името на управителот на Радио УГД ФМ (Штип) , бидејќи не е наведено во Извештајот и доколку Советот му изрече мерка, каде ќе биде упатена односно кој ќе биде казнет. Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска објасни дека кога се работи за непрофитната радиодифузна установа, како што е случајот со УГД ФМ (Штип), во таков случај, како управител се јавува ректорот на високообразовната установа,

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека се согласува, согласно член 63 став 1 алинеа 3 од ЗРД, да му се упати укажување, но и да му се упати напомена на радиодифузерот за сериозноста на прекршувањето и во таа насока да му се даде рок од 15 дена за да го усогласи своето работење согласно доделената дозвола.

Членот на Советот, Столе Наумов предложи да не му се дава рок, поради можната опасност дека по истекот на тој временски период, УГД ФМ (Штип), под претпоставка дека СРД ќе направи мониторинг, тие ќе ја усогласат програмата со дозволата.

Советот, со еден воздржан глас од членот на Советот, Столе Наумов, одлучи (во моментот на гласање отсутни се м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу) на Радио УГД ФМ:

- поради прекршување Член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (вокално-инструментална музика на македонски јазик), да му се упати укажување.
- поради прекршување на Член 92 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (недозволено емитување рекламирање), да му се упати укажување.
- поради не исполнување на обврската од дозволата според која имателот на дозволата е должен да ја врши дејноста под услови и на начин утврдени во Законот за радиодифузната дејност, да му се упати укажување со забелешка дека утврденото отстапување од програмските услови за кои што му е доделена дозволата за вршење радиодифузна дејност, е сериозно отстапување со нагласување на потребата за негово, што е можно поскоро надминување во рок од 15 дена од приемот на укажувањето.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, даде предлог започнувајќи од сегашната седница па во сите наредни, да биде забележано во Записниците од седниците на СРД, во моментот кога членовите на Советот ќе гласаат да се наведе кој од нив не присуствувал на гласањето. Овој предлог го подржа членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го најави оправданото отсуство на Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, кој во 12 часот ќе присуствува на седница на Влада, како претставник од СРД, а членот на Советот, акад. Али Алиу ќе присуствува на промоција на книга, и исто така ќе биде оправдано отсутен.

**Точка 3**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД Радио ЕНЏЕЛС (Штип) реализиран на 31.08.2011 година.

Советот едногласно одлучи (на гласањето отсутен беше акад. Али Алиу) на ТРД Радио Енџелс:

- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (програма изворно создадена на ромски јазик, помалку од 30% дневно), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (вокално-инструментална музика на ромски јазик), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства), да му се упати укажување.
- поради прекршување член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање) да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 106 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначен спонзор) да му се упати укажување.
- Советот одлучи поради неусогласување во однос на неемитување на програма на ромски јазик, на ТРД Радио Енџелс од Штип да му се укаже на потребата за негово, што е можно поскоро надминување и усогласување со Законот и Подзаконските акти на Советот за радиодифузија, во рок од 15 дена од приемот на укажувањето.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ А2, реализиран во периодот од 1 септември до 3 октомври 2011 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека овој радиодифузер продолжува да не го почитува Законот, односно не го истакнува логото при емитување на својата програма и во таа насока предлага да му се изрече писмена опомена и да му се објасни за прекршокот што е констатиран, согласно чл. 81 став 2 од Законот. Исто така рече дека при мониторингот на истиот радиодифузер, но на 30 јуни, 2011 година, каде беа констатирани прекршувања по чл. 71 став 3 и чл. 74 став 1, односно емитување најмалку 30% програма на македонски јазик и предложи да се направи повторно уште еден мониторинг за да би се констатирало дали сеуште не ги означува програмите за малолетната публика и второ да се провери форматот на радиодифузерот согласно доделената дозвола.

Членот на Советот, Столе Наумов, предочи дека поедини членови на Советот бараат поединечно, да се провери форматот секогаш на едни исти медиуми.Тоа треба да се коригира и да се побара да се провери форматот и на другите медиуми. Мора рече, да се избегне селективноста и за проверка на формати и за изречените мерки, односно Советот мора да биде доследен и балансиран при донесување на одлуките.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, се изјасни дека го подржува мислењето и предлогот на Столе Наумов околу доследност и балансираност на Советот кон сите радиодифузери, секогаш кога е во прашање барање за проверка на формат на сите медиуми и тоа треба да претставува континуирана обврска на Советот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски објасни дека Советот има зацртан годишен план за редовен мониторинг на медиумите на државно ниво, на регионално и на локално ниво. Но предложи доколку Советот цени дека треба да се разговара на оваа тема, тогаш се согласува да се разгледува под Точка разно.

Членот на Советот, проф. Томе Груевски, ги замоли членовите на Советот да се придржуваат конкретно до предложените точки од Дневниот ред.

Советот едногласно одлучи на ТРД ТВ А2: (на гласањето оправдано отсутни беа м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу).
- поради прекршување Член 81 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (неистакнување лого на програмскиот сервис), да му се изрече мерката: писмена опомена.

**Точка 5**

Советот го разгледа пристигнатото Барање од ТРД Канал 5 за повлекување на прекршочната пријава, констатирана по извршениот мониторинг на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 5 емитуван на 22 јули 2011 година.

На почетокот, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, го осуди досегашниот, кој го нарече, крајно некоректен начин на комуникација на ТВ Канал 5, односно на г-динот Иван Мирчевски со Советот за радиодифузија. Што се однесува до содржината на пристигнатото Барање, ги потсети членовите на Советот на веќе изгласаниот и донесен заклучок, одлука и изречената мерка на 14-та седница која Советот ја изгласа. Притоа замоли да се донесе делот од записникот на 14-та седница, каде е евидентирано гласањето за изрекување на мерката - прекршочна пријава на ТВ Канал 5. На 14-седница, за да се изрече прекршочна пријава на ТВ Канал 5 поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност – (прикриено рекламирање), гласаа членовите на Советот: Столе Наумив, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, акад. Али Алиу и м-р Милаим Фетаи.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски напомена до членовите на Советот – забележувајќи им на односот, никогаш пред присуство на новинари и други лица, да не ги искажуваат забелешките до вработените од Стручната служба на Советот или да се упатуваат меѓусебни обвинувања помеѓу членовите на Советот, а посебно подготвените материјали кои произлегуваат од Секторите во Советот да не се нарекуваат глупост. Потсети дека постои Кодекс на однесување и ги замоли да се придржуваат до него.

Навраќајќи се на темата, на ТРД Канал 5 и изречената мерка, потсети на член 98 од Законот за радиодифузната дејност, каде се вели: "*Прикриеното рекламирање и прикриениот телешопинг се забранети. Во програмите на радиодифузерите не е дозволено изложување на производи чие име или марка се видливо истакнати*".

Во таа насока на присутните членови на Советот им препорача, при донесување на одлуките, да не се поаѓа од лични размислувања, бидејќи воопшто не се важни за оваа проблематика. Советот за радиодифузија работи единствено според Законот, без лични убедувања и заземање на ничија страна. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека Секторот за програмски работи во досегашното работење никогаш не изготвил Извештај и предложил мерки до Советот, кои се надвор од Законот. Читајќи го Извештајот од 14-та седница во однос на прикриеното рекламирање констатирано во Канал 5, во емисиите „Котиледонија2011“, „Во Оган“, „Заеднички ручек“, „Парти Зона“ и „Тротоар Њуз“, рече дека недвосмислено покажува дека постои прикриено рекламирање кое не е првпат констатирано, туку години наназад се случува континуирано. Исто така рече дека би била конфузна ситуација доколку тие што гласале за оваа мерка сега би гласале за повлекување на истата.

Исто така појасни дека Советот за радиодифузија за прекршување на овој член од Законот и за сите останати прекршувања од страна на радиодифузерите, Советот

има организирано голем број на едукации и обуки за оваа намена и кај радиодифузерите на национално, и кај радиодифузерите на регионално и локално ниво.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, во однос на повлекувањето на прекршочната пријава на ТВ Канал 5, потсети, дека во изминатиот период, Советот и претходно носел одлука за повлекување изречени мерки. Истото мислење на м-р Борис Арсов го сподели и м-р Алма Машовиќ, која му се обрати на Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски и го запраша - кои беа тогашните аргументи кога по негова иницијатива, во изминатиот период, во неговиот кабинет, на координација, исто така е повлечена прекршочна пријава на ТВ Канал 5 изречена за надминување на лимити за рекламирање?

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече, бидејќи е координатор на Секторот за програмски работи, се чувствува повикан да го каже својот став околу изработениот извештај на ТВ Канал 5 и работата на Секторот за програмски работи. Секторот за програмски работи, рече дека направил исцрпна анализа врз основа на снимките од ТВ Канал 5, и врз основа на што е изречена наведената мерка. Смета дека Советот не треба да ја преиспитува работата на Секторот, не треба да се занимаваат со оценувањето на работа на Секторот, бидејќи мониторингот и извештајот за ТВ Канал 5, е изготвен многу сериозно, совесно и аналитички. Повикува, при донесување на одлуки да не се подигне рака за гласање по секоја цена, да се гласа непристрасно, и врз основа на изнесени факти и документи. Во таа насока предложи, во текот на седницата да се прикажат снимките од ТВ Канал 5, во емисиите каде е констатирано прикриеното рекламирање и сите, заеднички да го погледнат и да одлучат дали се работи за прекршок по член 98 од Законот или не.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека изминатиот четврток на кој што присуствуваа дел од членовите на Советот, иако поканата за состанокот била испратена до сите, присуствувале тие што сметале дека е потребно и дека треба да дојдат на состанокот со претставниците од ТВ Канал 5. На состанокот го истакнал неговиот став и мислење, посебно за емисијата „Тротоар њус“ каде што во прилогот за Охридско лето биле забележани симболи на Т- home и Т- mobile. Но, рече дека е невозможно да се сними со камера ваков голем настан а без да се опфати и логото на генералниот спонзор. Меѓу другото, секојдневно е сведок на многу емисии емитувани на различни медиуми, и за пример го посочи „Бек Стеиџ“ на ТВ Сител, каде беше емитуван прилог за прославување на алкохолниот пијалак, виски, Џек Даниелс (Jack Daniel's). Дали, се запраша тоа значи дека треба да се исклучат сите медиуми а при тоа на сите е познат фактот дека маркетингот е основа на функционирање на современите компании и кампањи. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, пред членовите на Советот го постави прашањето и дилемата: Како ќе се гледа, односно пренесува, емитувањето на било кој голем настан, без да бидат видливи логоата, симболите или другите ознаки со кој што се рекламираат успешните компании во РМ. Врз основа на изложеното мислење и став, го постави прашањето, како перничињата со логото на Т- home предизвикуваат скриено рекламирање, односно ги поттикнуваат гледачите да ги користат услугите на Т- home? Запраша, дали Советот не треба да го почитува производството на програми од сопствена продукција од една страна, а од друга страна доколку секојдневно ги гледаме емисиите на овој начин, рече, тогаш би требало Советот секојдневно да закажува и одржува седници на Совет и постојано само да изрекува мерки. Потенцира, дека тоа не се совпаѓа со неговиот начин на размислување. Поради тоа побара да се стави на гласање Барањето од ТРД Канал 5 за повлекување на прекршочната пријава констатирана по извршениот мониторинг на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 5 емитуван на 22 јули 2011 година. Исто така, м-р Зоран Трајчевски го искажа својот револт кога дознал дека според него, одредени

дописи кој што пристигнуваат до Советот, конкретно се задржа на дописот за авторските права за Лига на шампиони УЕФА, од ТВ Канал 5, но членовите на Советот не го добиле дописот и се запраша кој ќе ја понесе одговорноста за овој пропуст?

Што се однесува до повлекувањето на прекршочната пријава на ТВ Канал 5, за замена на оваа мерка размислувал за укажување или писмена опомена. Но, бидејќи тие емисии во кои е констатирано прекршувањето повеќе не се емитуваат на програмата ТВ Канал 5, предлага да не се изрекува мерка.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече, дека кога треба Советот да изрече мерка секогаш ќе настојува да биде изречена поблагата, така да и на 14-та седница беа предложени два предлога за ТВ Канал 5: забрана за рекламирање од 5 дена и прекршочна пријава, за која што всушност и се одлучил. Бидејќи медиумите често прават грешки од незнаење или неискуство, предложи Советот да организира почесто обуки за радиодифузерите во насока на едукација на вработените во медиумите со постојниот Закон. Предложи, пред да се гласа за повлекување или не, на прекршочната пријава, да се изгледа снимениот материјал од емисиите на ТВ Канал 5, во кои е констатирано прекршувањето.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески го подржа предлогот за организирање на обуки. Но, предложи тие да бидат од типот на најчесто поставувани прашања, анализирајќи ја работата на Советот наназад во однос на најчесто изречени мерки и да биде поставена на Веб страницата на Советот, со класификација и систематизација на сите досегашни прекршоци, и со еден јасно подготвен текст, за да биде достапно на сите радиодифузери.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, постави прашање до Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска, со оглед дека на 14-та седница Советот изрече мерки, но дали има информација на кој од тие радиодифузери веќе мерките се спроведени, односно извршени, и во таков случај дали Советот може да ги повлече.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се помине на следната точка од Дневниот ред, за да кога ќе биде подготвен снимениот материјал за емитување од ТВ Канал 5, да се прегледа уште еднаш на седницата, па потоа да се одлучува, го стави на гласање. За овој предлог гласаа: м-р Зоран Стефаноски, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов и Бранко Радовановиќ. Предлогот не помина.

Предлогот на Членот на Советот, Столе Наумов, предложи да се повлече прекршочната на Канал 5 тогаш кога ќе се направи ревизија и на останатите извештаи и изречени мерки од 14-та седница.

Предлогот за повлекување на прекршочната пријава констатирана по извршениот мониторинг на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 5 емитуван на 22 јули 2011 година се стави на гласање. За овој предлог гласаа членовите на Совет: м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Методи Стоименоски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Лазо Петрушевски. Против беа членовите на Совет: м-р Зоран Стефаноски, проф. Томе Груевски, Бранко Радовановиќ и акад. Бојан Шоптрајанов. Воздржани беа членовите на Советот: м-р Алма Машовиќ и Столе Наумов. При гласањето оправдано отсутни беа м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу.

Бидејќи не се обезбеди мнозинство од гласови, Советот одлучи да ја одбие молбата наведена во Дописот од ТРД Канал 5 ТВ бр. 03-3705/1 од 14.10.2011 година, со која радиодифузерот бара Советот да ја повлече прекршочната пријава , односно, Советот ја потврди Одлуката за поведување прекршочна постапка против него.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да продолжи во насока на спроведување на сите законски активности за целосно спроведување на Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД Канал 5 ТВ,

поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност – (прикриено рекламирање).

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот на членот на Советот, Столе Наумов, на посебна седница да се разгледаат сите извештаи од мониторинг кои беа на Дневниот ред на 14-та седница и за кои беа изречени мерки во насока на поблаги казни или поништување на истите го стави на гласање. За овој предлог гласаа членовите на Советот: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Столе Наумов, Методи Стоименовски, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски и м-р Методија Јанчески.

Советот одлучи, по предлог на членот на Советот, Столе Наумов, Извештаите од мониторингот на програмските сервиси кои беа разгледувани на 14-та седница на СРД, одржана на 18.08.2011 година, и за кои беа изречени мерки поради констатираните прекршувања, на посебна седница истите повторно да се разгледаат во насока на изрекување поблаги мерки или евентуално повлекување на некои од нив.

**Точка 6**

Советот ја разгледа Информацијата за барањето за специјалниот известувач на ОН за ситуацијата на бранителите на човековите права во врска со обидот за дискредитација на Хелсиншкиот комитет на РМ.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, и Раководителот на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, објаснија дека Министерството за надворешни работи на Република Македонија, на 19 септември 2011 година, до Советот за радиодифузија испратил примерок од писмото што г-ѓа Маргарет Секаџа, специјален известувач за ситуацијата на бранителите на човековите права на Обединетите нации, на 19 јули годинава, го упатила до амбасадорот на Постојаната мисија на РМ при ОН во Женева Азиз Положани и во кое замолува за соработка и интервенција од надлежните институции во државата. Во своето писмо г-ѓа Секаџа вели дека добила информација за тоа оти постои „...кампања и обид да се дискредитира и осуди организацијата за човекови права Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (МХК) од одредени медиуми“, при кои таа изнесува конкретни елементи од оваа информација. Поточно се работи за прилози објавени на ТВ Сител (4 и 5 јули 2011 година) поврзани со прекршување на член 154 од Законот за радиодифузната дејност (правото за одговор и исправка). Исто така г-ѓа Маргарет Секаџа замолува за соработка, односно бара да и се одговори и на четири прашања, на кој што Секторот за Програмски работи ја подготви информацијата со одговорите на наведените прашања и на останатите побарани информации.

Членот на Советот, Методи Стоименоски, предложи бидејќи членот 11 е спорен да се измени подготвената Информација, да се скрати и евентуално МВР да се насочи за да побара информацијата од законодавниот дом за член 11 од Законот. За ТВ Сител предложи да се упати укажување.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески постави две реторички прашања односно од кога постои Советот и од кога ТВ Сител постои во ваква констелација, односно во вакво раководство.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчески, рече дека мора да наведе дека наведениот Допис бил сокриен од членовите на Советот, па по негова лична интервенција Дописот е добиен. Во Советот, рече, дека постои селективно трансферирање на податоци. Што се однесува до содржината, односно во подготвениот одговор од Секторот за програмски работи, рече дека во дописот

поставени се 4 прашања и логично е да се одговори конкретно на поставените 4 прашања, а не на уште неколку како што е сторено.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов се согласува дека на 4-те поставени прашања треба да следат и 4 одговори, и предложи Советот да се обиде заеднички да ги формулира одговорите.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека нема никаква причина Дописот со барањето за специјалниот известувач на ОН за ситуацијата на бранителите на човековите права во врска со обидот за дискредитација на Хелсиншкиот комитет на РМ, да биде сокриен. Досегашната работа на Советот, односно начинот на кој работи бил и е, да во секој Сектор и до нивниот координатор, пристигнуваат Дописи кој се од негова потреба и значење, односно поврзани со неговата функција и работа. Тоа е од причина да Секторот за финансиско-економски работи не добива дописи од надвор кои се однесуваат за Секторот за техника и информатика и сл.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски предлогот на ТВ Сител да му се изрече мерката писмена опомена и само на поставените 4 прашања конкретно и јасно да се одговори, го стави на гласање. Советот едногласно го прифати предлогот.

Советот едногласно одлучи, во врска со анализата на прилозите објавени на ТВ Сител на 4 и 5 јули 2011 година, поради прекршување на член 154 од Законот за радиодифузната дејност (правото за одговор и исправка), да му изрече мерка: писмена опомена, и Секторот за програмски работи концизно да одговори само на поставените прашања наведени во Дописот од страна на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

**Точка 7**

Советот ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Правилник за измена на Правилникот за условите начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во РМ и радиодифузерите од регионот Скопје.

Раководителот на Стручната служба на Советот, м-р Андриана Скерлев – Чакар, објасни дека Советот за радидифузија на РМ на 5-та седница одржана на 24.02.2011 година донел Правилник за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во РМ и радиодифузерите од регионот Скопје (градот Скопје и неговата околина, бр.01-861/1 од 11.03.2011. Правилникот е објавен во „Службен весник на РМ“, бр.31/2011 од 14-ти март 2011 година.

Во врска со наведениот Правилник, Дирекцијата за заштита на лични податоци на РМ, на 19-ти септември 2011 година испратила укажување до Советот за радиодифузија на РМ, по однос на одредбите од член 3 и член 6 став 1 од Правилникот. Во согласност со добиените насоки од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци, Секторот за правни работи го подготвил Предлог – Правилникот за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во РМ и радиодифузерите од регионот Скопје (градот Скопје и неговата околина, бр.01-861/1 од 11.03.2011 („Службен весник на РМ“, бр.31/2011), за кој на 5-ти октомври 2011-та година, Дирекцијата за заштита на лични податоци доставила Известување, бр.03-3354/3, со кое го информира Советот дека дава согласност на доставениот Предлог – Правилник.

Советот едногласно одлучи, во согласност со добиените насоки од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци, и вградените измени со кој се редефинираат предметните одредби во Правилникот, да го усвои Правилникот за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите, на државно ниво во РМ и радиодифузерите од регионот Скопје (градот Скопје и неговата околина, бр.01-861/1 од 11.03.2011 („Службен весник на РМ", бр.31/2011).

**Точка 8**

Советот го разгледа Предлогот за потребни интервенции во просторот. (Од Комисијата за утврдување на состојбата со дополнително закупениот деловен простор и за подготвување на предлог за потребни интервенции во просторот). Членот на Советот, Селвер Ајдини, кој воедно беше и еден од членовите на комисијата, го презентираше заедничкиот предлог на комисијата за потребните интервенции на просторот.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека можеби е најдобро одредени канцеларии да се преградат и од нив да се направат две. Но со оглед дека треба да се отворат излези (врати) и некои пропратни интервенции, постои голема веројатност да биде и поскапо, односно да чини повеќе од одобрените средства.

Советот едногласно го усвои Предлогот за потребни интервенции во деловниот простор на СРД (од комисијата за утврдување на состојбата со дополнително закупениот деловен простор и за подготвување на предлог за потребни интервенции во просторот). Исто така едногласно одлучи врз основа на извршеното истражување на постојните и новите простории, како и истражувањето на цените за реновирање и адаптација на просторот, утврдени од страна на формираната комисијата во состав: м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Столе Наумов, која беше задолжена да ја утврди состојбата во која се наоѓа дополнително закупениот деловен простор од закуподавачот, АГРОМЕХАНИКА, АД увоз извоз – Скопје, да го прифати предлогот за потребните интервенции во просторот. За потребните предложени интервенции во просторот, средства се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2011-та година.

**Точка 9**

Советот го разгледа Предлогот за измена на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2011-та година и измената на планот за јавни набавки на Советот за радиодифузија за 2011-та година.

Советот едногласно одлучи, со цел да се обезбедат средства за реновирање на дополнително закупен деловен простор, а врз основа на подготениот предлог на комисијата која беше формирана од страна на Советот за радиодифузија на РМ, да се изврши Ребаланс на Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2011 година и тоа во следните позиции:

- На групната ставка 402 Инвестиционо одржување на средствата, наместо 1.990.209, 00 денари да стои 2.140.209,00 денари

  На позицијата 402050 Поправка одржување на градежни објекти наместо сегашниот износ од 50.000,00 денари истиот да се зголеми на 200.000,00 денари со цел да се обезбедат потребните средства за наведените интервенции.

- На групната ставка 403 Други услуги, наместо 494.640,00 денари да стои 500.640,00 денари

  На позицијата 403200 Услуги за одржување на работни и др.простории наместо сегашниот износ од 50.000,00 денари истиот да се зголеми на 56.000,00 денари.

  Истовремено се предлагаат и две други измени и тоа:
- На групната ставка 400 Потрошени материјали, наместо 1.790.000,00 денари да стои 1.820.000,00 денари

  На позицијата 400900 Потрошени резервни делови наместо сегашниот износ од 270.000,00 денари истиот да се зголеми на 300.000,00 денари.
- На групната ставка 405 Издатоци за реклама пропаганда и репрезентација, наместо 650.000,00 денари да стои 750.000,00 денари

  На позицијата 405000 Издатоци за репрезентација наместо сегашниот износ од 650.000,00 денари истиот да се зголеми на 750.000,00 денари.

Средствата за предвидените зголемувања се обезбедија од следната позиција односно се намали нејзиниот обем и тоа:

- На групната ставка 417 Интелектуални и други услуги наместо 6.773.000,00 денари истата да се намали и да стои 6.487.000,00 денари
- На позицијата 417100 Договорни услуги наместо сегашниот износ од 4.158.000,00 денари истиот да се намали на 3.872.000,00 денари.

Советот донесе едногласна одлука за Ребаланс на Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, со сите горенаведени измени и дополнувања предложени од страна на Секторот за економско-финансиски работи.

Советот одлучи согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2011 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-3655/1 од 12.10.2011 година, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, дека е потребно постојниот Годишен план за јавни набавки за 2011 година, да се измени со следните 3 (три) ставки, и тоа:

- Во делот на Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки,

1.1.1. Точката 2 која гласи:

| Број | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Средства за хигиена, за кујнски потреби и пијалаци | | септември/ октомври | Постапка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас | 290.000,00 |

Се менува на следниот начин, и гласи:

| Број | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Средства за хигиена, за кујнски потреби и пијалаци | | октомври | Постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас | 450.000,00 |

- 1.1.2. Точката 18 која гласи:

| Број | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Санитарна опрема (апарат за сушење раце (5), метални држачи за сапун (5), метални држачи за хартија (5) | | по потреба | Постапка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас | 60.000,00 |

Се менува на следниот начин, и гласи:

| Број | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Санитарна опрема за потребите на Советот за радиодифузија | | по потреба | Постапка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас | 90.000,00 |

- По Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се додава нова Главата III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи, која гласи:

III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | архитектонски услуги - реновирање и | | Октомври | Член 17 став 1 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | адаптација на дел од деловниот простор на Советот за радиодифузија | | | алинеа 1 и став 3 | 200.000,00 |

За напред предложеното изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2011 година на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-3655/1 од 12.10.2011 година, средства се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2011-та година.

Советот одлучи согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2011 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-3655/1 од 12.10.2011 година, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, и измените на постојниот Годишен план за јавни набавки за 2011 година, да се формираат 3 (три) комисии за јавни набавки:

Советот донесе одлука да се формира комисија за јавни набавки за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка/рамковна спогодба за следниот предмет: Средства за хигиена, за кујнски потреби и пијалаци во состав: членови на Советот, м-р Борис Арсов, Претседател на комисија и Замир Мехмети Заменик- претседател, и вработените од стручната служба Арбен Саити член, Шчипе Тахири заменик член и Симе Златески член и Рубин Талески заменик член.

Советот донесе одлука да се формира комисија за јавни набавки за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка/рамковна спогодба за следниот предмет: Санитарна опрема за потребите на Советот за радиодифузија во состав: членови на Советот, Столе Наумов, Претседател на комисија и Методи Стоименовски, Заменик- претседател, и вработените од стручната служба Хари Митриќески Клекачкоски член, Ивана Каракушева заменик член и Атила Мемед член и Рубин Златески заменик член.

Советот донесе одлука да се формира комисија за јавни набавки за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка/рамковна спогодба за следниот предмет: архитектонски услуги - реновирање и адаптација на дел од деловниот простор на Советот за радиодифузија во состав: членови на Советот, Селвер Ајдини, Претседател на комисија и Методи Стоименовски, Заменик- претседател и вработените од стручната служба Арбен Саити член, Арџент Џелили заменик член и Хари Митриќески Клекачкоски член и Ивана Каракушева заменик член.

**Точка 10**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Морис (Охрид) реализиран на 11.08.2011. Членот на Советот, Столе Наумов, даде свои предлози во однос на мерките кои треба да се изречат на ТВ Морис за констатираните прекршувања. Имено поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој да му се упати укажување, поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност да му се изрече мерката: писмена опомена и поради прекршување на член 100 став 1 од Законот за радиодифузната дејност да му се упати укажување.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предложи да се изречат најблагите мерки за констатираните прекршувања на радиодифузерите за да не се добие впечаток дека ТВ Канал 5 се фаворизира.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Морис:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма означена е со сигнализација за категоризација на програмите само пред почетокот, но не и за целото времетраење), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.
- поради прекршување на член 100 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување реклами во вести) да му се упати укажување.

**Точка 11**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВМ (Охрид) реализиран на 26.08.2011.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВМ:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец не е дозволено емитување на рекламни спотови, телешопинг спотови, и други форми на рекламирање), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неиздвојување на рекламирањето од другата програма со оптички или акустички средства), да му се упати укажување.

**Точка 12**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Тера (Битола) реализиран на 13.08.2011.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Тера:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се упати укажување.

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства), да му се упати укажување.

- поради прекршување на член 106 став 1 од Законот за радиодифузната дејност и член 3 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и ТВ-програмите (неозначен спонзор во играната програма), да му се упати укажување

**Точка 13**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Орбис (Битола) реализиран на 16.08.2011.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Орбис:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување визуелно предупредување во текот на нивното времетраење), да му се упати укажување;

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање во еден реален час), да му се упати укажување;
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства) , да му се упати укажување.

**Точка 14**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Спектра (Струга) реализиран на 12.08.2011. (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни).

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски предложи поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, поради прекршување на член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност и поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност да му се упати укажување, а поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност да му се изрече мерката писмена опомена и овој предлог го стави на гласање. За овој предлог гласаа: проф. Томе Груевски, м-р Зоран Стефаноски, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радуновиќ и Лазо Петрушевски. (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни). Поради само 5 обезбедени гласа, овој предлог не се усвои.

Предлогот на ТВ Спектра да му се упати укажување за сите констатирани прекршувања го стави на гласање. За овој предлог гласаа: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Столе Наумов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, Лазо Петрушевски и м-р Методија Јанчески.

Со осум гласа, Советот одлучи на ТРД ТВ Спектра:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му се упати укажување;
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му се упати укажување;
- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик) , да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (програми непреведени на македонски јазик), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час), да му се упати укажување.

**Точка 15**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Чеграни Медиа (Гостивар) реализиран на 03.08.2011.

Раководителот на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, објасни дека на ТВ Чеграни Медиа се емитувала хумористична програма односно скеч во кој е прикажана негативна стереотипизација на две етнички групи: Албанците како сиромашни луѓе со кечиња на главата, и иако соочени со униформирани лица, на моменти со премногу сервилен однос и од друга страна, српски полицајци кои се изживуваат врз граѓаните што ги запреле, најверојатно само поради тоа што тие се припадници на албанската етничка група. Имајќи го предвид видот на програма – хумористична емисија – како и тоа дека нема експлицитни вербални изрази на навреда врз етничка основа, со емитувањето на емисијата директно не се прекршува член 69 од Законот. Меѓутоа, се прекршува член 68 став 1 алинеја 4 кој утврдува дека радио и телевизиските програми, меѓу другото треба да се темелат на принципот на поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло.

Членот на Советот, Столе Наумов предложи за прекршување на член 68 став 2 точка 4 од Законот за радиодифузната дејност да им се упати укажување, додека за прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, поради сериозно надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час, да им се изрече мерката писмена опомена.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Чеграни Медиа:
- поради прекршување на Член 68 став 2 точка 4 од Законот за радиодифузната дејност (непочитување на програмските принципи – поттикнување на духот на толеранција, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло), да му се упати укажување;

- поради прекршување на, Член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.

**Точка 16**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Дуе (Гостивар), реализиран на 29 август 2011 година.

Советот одлучи со 12 (дванаесет) гласа „За" и еден воздржан глас од членот на Советот, проф. Томе Груевски, (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Дуе:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување визуелно предупредување во текот на нивното времетраење), да му се упати укажување;
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства), да му се упати укажување;
- поради прекршување на Член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му се упати укажување;
- поради прекршување на Член 107 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорирани програми од религиозен карактер), да му се упати укажување.

**Точка 17**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Коха (Тетово), реализиран на 2 септември 2011 година.

Советот едногласно одлучи(м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Коха:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма означена е со сигнализација за категоризација на програмите само пред почетокот, но не и за целото времетраење), да му се упати укажување.

**Точка 18**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Супер Скај (Тетово), реализиран на 1 септември 2011 година.

Членот на Советот, Селвер Ајдини постави една дилема во однос на недоволно познавање на Законот за радиодифузната дејност од страна на одредени радиодифузери. Од заедничката дискусија произлезе предлогот за посета на овој радиодифузер и на сите останати каде ќе се појават драстични прекршувања на Законот за радиодифузната дејност.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Супер Скај:
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му се упати укажување.

**Точка 19**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Арт (Тетово), реализиран на 3 септември 2011 година.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Арт:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на албански јазик), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства), да му се упати укажување.

**Точка 20**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Кисс (Тетово), реализиран на 3 септември 2011 година.

Раководителот на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, напомена дека при реализација на мониторингот забележале дека на програмата на ТВ Кисс, надвор од рекламните блокови и неодвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства, се емитуваат промотивни реклами за РА Кисс и за програмски содржини што се емитуваат на оваа радиостаница. Со оглед на тоа дека станува збор за промотивни реклами на друг програмски сервис, ова е необична практика. Според член 96 од Законот во дозволениот обем за рекламирање на час не спаѓаат промотивните најави и спотови на радиодифузерот што се однесуваат на неговата сопствена програма. Оттаму, би било логично, доколку ТВ Кисс сака да емитува промотивни најави на друг радиодифузер, тие да бидат составен дел на рекламирањето и да се емитуваат во рамки на блоковите со реклами и дозволените лимити на час емитувана програма.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ КИСС:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му се упати укажување.
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да му се упати укажување.
- Советот одлучи бидејќи на програмата на ТВ Кисс, надвор од рекламните блокови и неодвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства, се емитуваат промотивни реклами за РА Кисс, да му укаже доколку ТВ Кисс сака да емитува промотивни најави на друг радиодифузер, тие да бидат составен дел на рекламирањето и да се емитуваат во рамки на блоковите со реклами и дозволените лимити на час емитувана програма.

**Точка 21**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ Менада (Тетово), реализиран на 29 август 2011 година.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ Менада:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му се упати укажување;

**Точка 22**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ 24 Вести реализиран во периодот од 5 до 11 септември 2011 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, предложи на ТВ 24 Вести да му се упати укажување поради утврденото отстапување од форматот и да му се упати сериозна забелешка и рок од 15 дена за надминување на отстапувањето од форматот. Исто така побара да се подготви информација дали својата програма ја емутува преку сателит. Со оваа констатација се согласи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски кој рече дека ова е сериозен проблем.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), на ТРД ТВ 24 Вести:
- поради утврденото отстапување од форматот за кој што му е доделена дозволата за вршење радиодифузна дејност и преставува сериозно отстапување, да му упати

укажување со нагласување на потребата што поскоро надминување на отстапувањето на форматот, а најдоцна во рок од 15 дена од приемот на укажувањето.

**Точка 23**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Вижн БМ од Прилеп емитуван на 13 август 2011 година.

Советот едногласно (Замир Мемети, м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), одлучи на ТРД ТВ Вижн БМ:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му се упати укажување.
- поради прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (програмата е означена со несоодветен предупредувачки сигнал), да му се упати укажување.

**Точка 24**

Советот ја разгледа Информацијата за доставената молба за преиспитување на одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД ТВ Калтрина Мазар Татеши Струга ДООЕЛ, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

Имено, на 3-ти октомври 2011 година, управителот/главниот и одговорен уредник на ТРД „ТВ Калтрина“ Мазар Татеши Струга ДООЕЛ, достави молба, бр.03-3369/5, до Советот за радиодифузија на РМ, за преиспитување на одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка за предметниот прекршок, наведувајќи дека „...го испратиле ценовникот за платено политичко рекламирање до Советот, дека немало причина за негово недоставување имајќи во предвид дека како медиум немаат голема минутажа на политичко рекламирање, дека високите казни кои би ги добиле во никој случај не би ги покриле од приходите од политичкото рекламирање, како и дека ценовникот бил истиот од минатите избори кој исто така е уредно доставен...“.

Членот на Советот, Селвер Ајдини ги запраша присутните дали постои начин да се испита веродостојноста на исказот, дали ТВ Калтрина навистина го испратила ценовникот за платено политичко рекламирање до Советот, и тој од непознати причини не е пристигнат или навистина е направен пропуст од нивна страна. Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска објасни дека претставник од ТВ Калтрина бил во Советот и рекол дека ценовникот го испратил како обична пратка и не било препорачано, така да нема начин да сето тоа да се провери, за разлика од препорачаната пратка која се евидентира во посебна книга.

Раководителот на Секторот за авторски права, Слободан Беличанец, предложи првично да се провери дали овој субјект ги доставила ценовниците до ДИК (Државна изборна комисија) и до Антикорупциска. Доколку доставила тогаш е голема веројатноста да упатила и ценовник и до Советот. Но доколку не доставила ни тамо, тоа веќе е знак дека негрижливо се однесувала кон сите три субјекти.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, во текот на седницата побара да му се достави дополнителна информација, дали ТВ Калтрина од Струга има доставено ценовници до ДИК и до Антикорупциска. Повратната информација која ја доби во текот на седницата беше дека ТВ Калтрина од Струга не доставила ценовници до двата субјекта, ниту пак го пополниле потребниот образец на крајот од изборниот процес дека учествувале во изборниот процес.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати жалбата на ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава го стави на гласање. Гласовите на сите членови на Советот беа воздржани.

Советот одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) да ја одбие молбата на ТРД ТВ Калтрина Мазар Татеши Струга ДООЕЛ, со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава , односно ја потврди Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против него.

Секторот за правни работи се задолжи да продолжи во насока на спроведување на сите законски активности за целосно спроведување на Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД ТВ Калтрина Мазар Татеши Струга ДООЕЛ, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

**Точка 25**

Советот ја разгледа Информацијата за доставена жалба за преиспитување на одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот, ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

На 5-ти октомври 2011 година, управителот/главниот и одговорен уредник на ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово, достави жалба, бр.03-3374/5 на Записникот за констатиран прекршок, бр.03-3374/1 од 20.09.2011, до Советот за радиодифузија на РМ, за повлекување на прекршочната постапка поведена против овој субјект, меѓу другото наведувајќи дека радиодифузерот „...објективно не е во можност да ги плати глобите со оглед на вкупниот приход кој го остварува, дека станува збор за единствен прекршок кој радиодифузерот го има сторено, како и тешката семејна состојба на вработените во радиото...".

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати жалбата на ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава го стави на гласање. Членот на Советот, Столе Наумов гласаше „За" додека сите останати беа воздржани.

Советот одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) да ја одбие жалбата на ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава, односно ја потврди Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против него.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да продолжи во насока на спроведување на сите законски активности за целосно спроведување на Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД "Радио Валандово" ДОО Валандово, поради сторен прекршок – неисполнување на законската

обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

**Точка 26**

Советот ја разгледа Информацијата за доставена молба по Записник за констатиран прекршок, бр.03-3371/1 од 20.09.2011 година, од ТРД „Радио Скај“ ДООЕЛ Берово, во врска со прекршочната постапка (постапка за порамнување) поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

На 10-ти октомври 2011 година, ТРД „Радио Скај Плус“ ДООЕЛ Берово, достави молба, бр.03-3639/1, до Советот за радиодифузија на РМ, со која бараат од Советот „...ослободување од плаќањето на утврдените глоби, бидејќи прекршокот не го сториле намерно, туку поради непознавање на законската обврска, напомнувајќи дека живеат во мало место со слаба економска оправданост од работењето и секое изрекување глоба би влијаело негативно на ликвидноста и опстанокот на фирмата...“.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати жалбата на ТРД „Радио Скај Плус“ ДООЕЛ Берово со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава го стави на гласање. Членот на Советот, Столе Наумов гласаше „За“, додека сите останати беа воздржани.

Советот одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) да ја одбие жалбата на ТРД “Радио Валандово” ДОО Валандово со која бара Советот да ја повлече прекршочната пријава , односно ја потврди Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против него.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да продолжи во насока на спроведување на сите законски активности за целосно спроведување на Одлуката на Советот за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот ТРД “Радио Валандово” ДОО Валандово, поради сторен прекршок – неисполнување на законската обврска за доставување ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите во изборниот процес во 2011-та година.

**Точка 27**

Советот ја разгледа Информацијата за соодветната и правична застапеност на заедниците во рамките на СРД на РМ.(како подготвителна активност за изработка на нацрт-Годишен план за соодветната и правична застапеност на заедниците во Советот).

До Советот за радиодифузија на РМ од страна на неколку институции се побарани информации во врска со процентот на застапеност во Советот на припадниците на зедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија. Па така, вакви податоци досега се побарани од страна на Народниот правобранител, Генералниот Секретар на Влада на РМ, Заменик претседателот за спроведување на Рамковниот договор при Владата на РМ и Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Во врска со доставените податоци, до сега Советот за радиодифузија на РМ нема добиено ниту една забелешка по однос на процентуалната застапеност на заедниците во Советот.

Советот за радиодифузија на РМ во моментот брои вкупно 52 (педесет и два) вработени од кои, 15 (петнаесет) вработени се членови на Советот и 37 (триесет и седум) вработени се вработени лица во Стручната служба на Советот.

Процентуалната застапеност на заедниците во вкупниот број вработени во Советот (членови на Советот и вработени во Стручната служба) е следната:

- 37 (триесет и седум) вработени се македонци односно 71,1%;
- 12 (дванаесет) вработени се албанци односно 23%;
- 1 (еден) вработен е србин односно 1,9%;
- 1 (еден) вработен е бошњак односно 1,9%;
- 1 (еден) вработен е црногорец односно 1,9%.

Правичната застапеност на вработените во Стручната служба на Советот која брои 37 (триесет и седум) вработени, изгледа вака:

- 29 (дваесет и девет) вработени се македонци односно 78%;
- 7 (седум) вработени се албанци односно 19%,и
- 1 (еден) вработен е србин односно 3%.

Членот на Советот, Столе Наумов имаше забелешка во врска со процентот на застапеност во Советот на припадниците на зедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија. Тргнувајќи од дефинирањето на РМ во Уставот на РМ како мултиетничка држава, во иднина бара да се земат во предвид сите заедници кои се наведени во уставот, бидејќи сега нема Турчин, Ром и Влав.

Советот едногласно (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) ја прифати Информацијата за соодветната и правична застапеност на заедниците во рамките на СРД на РМ.(како подготвителна активност за изработка на нацрт-Годишен план за соодветната и правична застапеност на заедниците во Советот), но со една забелешка, да се коригира и да се внесе процентот за Власи во Советот, бидејќи е направен пропуст.

**Точка 28**

Советот ја разгледа Информацијата за исполнувањето на обврската на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година на 30 јуни.

Советот едногласно одлучи, (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) поради неисполнувањето на обврската за обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година, на сопствената програма на 30 јуни 2011 година, односно поради прекршување на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, да им упати укажување на следните радиодифузери:

- Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје
- Трговско радиодифузно друштво ЏАНГЛ ТВ ДООЕЛ Скопје
- Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје
- Трговско радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ
- Трговско радиодифузно друштво Ќани Исаилоски РАДИО ТЕРНИПЕ ДООЕЛ Прилеп
- Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Скопје ДООЕЛ

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни), поради неисполнувањето на обврската за обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година, на сопствената програма на 30 јуни 2011 година, односно поради прекршување на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, да им изрече мерка писмена опомена, на следните радиодифузери:

- Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар
- Трговско радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ Скопје
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ ПРИЛЕП

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) поради неисполнувањето на обврската за обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година, на сопствената програма на 30 јуни 2011 година, односно поради прекршување на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, да им изрече мерка писмена опомена со барање за објавување, на следните радиодифузери:

- Трговско радиодифузно друштво Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ
- Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга
- РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) поради неисполнувањето на обврската за обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година, на сопствената програма на 30 јуни 2011 година, односно поради прекршување на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, да им изрече мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден на следниот радиодифузер:

- Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ КАНАЛ Струга ДООЕЛ

**Точка 29**

Советот ја разгледа Информацијата за преземените активности на ТРД МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација.

Советот за радиодифузија на РМ на 14-тата седница одржана на 26.08.2011 година, констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе. Имено, при проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, констатирано беше дека управителот на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе, физичкото лице Благе Монев, истовремено се јавува како основач на Трговско радиодифузно друштво САФАРИ ЈТД од Свети Николе, со претежна шифра на дејност 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма.

Секторот за истражување и долгорочен развој извршил проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, при што било констатирано дека промената е реализирана.

Советот едногласно( м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) ја усвои предложената Информација за преземените активности на ТРД Модеа ДООЕЛ од Свети Николе, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација, по што Советот констатира дека ТРД Модеа ДООЕЛ од Свети Николе своето работење го усогласил со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 30**

Советот ја разгледа Информацијата за преземените активности на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ од Струмица, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација.

Советот за радиодифузија на 10-тата седница одржана на 17.05.2011 година, констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Имено, при проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, констатирано беше дека управителот на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, физичкото лице Миле Милановиќ, истовремено се јавува како основач на Друштвото за производство, услуги и трговија ГЛОБАЛ-МЕДИА ДОО увоз-извоз Струмица. Преку ова правно лице, физичкото лице Миле Милановиќ има основано друго трговско друштво – Друштво за производство, трговија и услуги АРТ-МЕДИЈА Струмица, кое пак, има претежна шифра на дејност 73.12 – Огласување преку медиуми.

Секторот за истражување и долгорочен развој изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, при што беше констатирано дека промената е реализирана.

Советот едногласно (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) ја усвои предложената Информација за преземените активности на ТРД ТВ-Канал Вис ДООЕЛ Струмица, во врска со констатираната недозволена медиумска концентрација, по што Советот констатира дека ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица своето работење го усогласил со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 31**

Советот ја разгледа Информацијата за неотстранетата недозволена медиумска концентрација од страна на ТРД Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ.

Советот за радиодифузија на РМ на 10-тата седница одржана на 17.05.2011 година, констатирал постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ.

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот му наложил на радиодифузерот во рок не подолг од три месеци да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон. Дописот бил испратен по пошта, како препорачана пратка со повратница, од каде што се гледа дека е примен на 21 мај 2011 година.

Рокот за усогласување е поминат, а радиодифузерот не го усогласил работењето со одредбите од Законот.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) да му упати укажување на трговското радиодифузно друштво Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ, да го усогласи своето работење со одредбите од Глава III од Законот за радиодифузната дејност, во рок од седум дена од денот на приемот на укажувањето. Советот одлучи доколку радиодифузерот не постапи согласно укажувањето, односно доколку не ги отстрани пречките за вршење

радиодифузна дејност во предвидениот рок, Советот ќе ја одземе дозволата за вршење радиодифузна дејност.

**Точка 32**

Советот ја разгледа Информацијата за трговските радиодифузни друштва што не доставија податоци за економското работење во 2010 година.

Согласно член 37 став 2 и член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр.100/2005, 19/2007, 103/08 и 152/08) и член 10, 11 и 12 од Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија (Службен весник на РМ бр.53/2008), на ден 23 март 2011 година, со допис бр.03-1070/1, Советот за радиодифузија побара од сите трговски радиодифузни друштва, најдоцна до 15 април 2010 година, да достават податоци и документи поврзани со економското работење во 2010 година, и тоа:

- копија од завршната сметка за 2010 година;
- пополнет Образец С/2 ;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на РМ;
- копија од образецот М1/М2 за секој вработен.

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) поради неисполнувањето на обврската за доставување на податоците за економското работење во претходната година, односно поради прекршување на член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, да им упати укажувања на следните радиодифузери:

| |
|---|
| -Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје<br>-Радиодифузно друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ<br>-Трговско радиодифузно друштво ДАЛГА КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово<br>-Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ КАНАЛ Струга ДООЕЛ<br>-Трговско радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ Скопје<br>-Трговско радиодифузно друштво РАДИО РОСА ДООЕЛ Кочани<br>-Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево<br>-Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга<br>-Трговско радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип<br>-Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Скопје ДООЕЛ |

Советот едногласно одлучи (м-р Милаим Фетаи и акад. Али Алиу оправдано отсутни) поради неисполнувањето на обврската за доставување на податоците за економското работење во претходната година, односно поради прекршување на член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, да им изрече мерка: писмена опомена, на следните радиодифузери:

| |
|---|
| -Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово<br>- Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола<br>-Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени |

**Забелешка:**

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предложи 18-та седница да се прекине и да се продолжи на 19.10.2011 година со почеток во 11 часот. Предлогот беше едногласно прифатен.

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 18-та седница на Советот**
**одржана на 19.10.2011 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, м-р Алма Машовиќ, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Арџент Џелили, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Точка 33**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со Барањата за одобрување финансиски средства за упис на додипломски и последипломски студии на :

А) Информација во врска со Барањето за одобрување средства за упис на последипломски студии бр. 04-3404/1 од 22.09.2011 година од Арџент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот за радиодифузија РМ.
Б) Информација во врска со Молбата од Хари Митриќески Клекачкоски за одобрување финансиски средства за дообразување, бр.04-3279/1 од 12.09.2011 година, од Хари Митриќески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ.
В) Информација во врска со Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, бр.04-3277/1 од 12.09.2011 година,од Атила Мемед, Референт за благајна и магацин, доставувач,во Секторот заекономско-финансиски работи на Советот за радиодифузија РМ.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски посочи одредени забелешки во врска со доставените барања. Имено, во врска со Барањето за одобрување средства за упис на последипломски студии од Арџент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот за радиодифузија РМ, рече дека ке гласа „За“, од причина што се запознал со работата што ја извршува вработениот и се согласува дека е потребно да се запише на последипломски студии.Исто така нагласи дека иако Советот донесува одлука, се запраша дали во договорите се прецизирани условите под кои вработени ги добиле финансиските средства. Предлага да се донесе заклучок за да се направи увид во одредени Договори, за да би се донеле принципиелни заклучоци, за да се допрецизираат одредени работи, а што се однесува до одобрените средствата, тие мора да се уплаќаат сукцесивно, од моментот кога ќе се потврди дека испитите се положени и вработениот се запишал во наредниот семестар, потоа да се дефинира времето, рок, на обврската на завршување на последипломските студии, бидејќи може да се појави ситуација како на пример, Советот да додели финансиски средства на

кандидатот, тие да се уплатат, но тој никогаш да не ги заврши започнатите студии. Значи, да се постават стандарди. Предлага со овие вградени критериуми, кои предлага да се усвојат, да се стартува од Јануари 2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го објасни досегашниот принцип на работа на СРД во врска со одобрување и доделување финансиски средства. Посочените дилеми и забелешки кои ги даде членот на Советот, Лазо Петрушевски се регулирани со Договор помеѓу вработениот и СРД, од причина што и постои Правилник за стручно усовршување и дообразување. Но, се согласува дека доколку е потребно, да се постават и нови критериуми и услови и во Правилникот и во Договорите. За таа потреба предлага да се состави една комисија која ќе биде задолжена да предложи измени и дополнувања на Правилникот, која ќе ги разгледува барањата доставени од кандидатите, да оценува дали има потреба или можност и сл. Исто така нагласи дека Барањата од Атила Мемед и Хари Митриќески Клекачкоски не се во согласност со Правилникот за стручно усовршување и дообразување, но е во согласност со Законот за работни односи и член 154.

Членот на Советот, проф. Томе Груевски, рече, дека сака да ги информира новите членови на Советот, дека поттикнувањето за понатамошно последипломско образување на неговите колеги, односно вработените во Стручната служба на СРД првично произлегува како негова идеа. Апелира до Советот да ги подржат Барањата на колегите Арџент Џелили, Хари Митриќески Клекачкоски и Атила Мемед и идејата и намерата која била поставена како цел да се реализира до крај. Противник е на одлуката на одредени колеги да се доделат финансиски средства и да се подржат во понатамошното усовршување и дообразување а на други не, и не треба да се размислува во таа насока. Се согласува дека треба во Правилникот да се допрецизираат некои детали и тоа е нешто за кое треба да се размислува и навремено да се делува, корегира, дополни и реализира со помош на колегите кои ќе се вложат, односно Секторите секој во својата надлежност.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека Барањето од Арџент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот за радиодифузија РМ, е во согласност со Законот за работни односи и Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, и се согласува да се одобрат финансиски средства, додека за останатите двајца, Атила Мемед, Референт за благајна и магацин, доставувач,во Секторот заекономско-финансиски работи на Советот за радиодифузија РМ и Хари Митриќески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ, не се согласува и не ги подржува. Причината кој ја наведе за таа одлука, е бидејќи не се во согласност со Законот и Правилникот и евидентно е од мислењето изготвено од Секторот за правни работи и нема да ги подржи. Се согласува со ставот на членот на Советот, Бранко Радовановиќ, дека членовите на Советот не треба да користат финансиски средства од Советот. Причина затоа што тие и по Законот за радиодифузната дејност треба да се веќе изградени личности и експерти во својата област и не треба да доаѓаат за да се дошколуваат.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека кај него не постојат никакви дилеми околу поддршката за дообразување и усовршување на вработените во СРД. Но секако, рече, дека тоа треба да биде во рамките на можностите на Советот во однос на неговото економско работење. Негово мислење е дека ретроактивно не би требало да се разгледуваат веќе донесените Договори и Одлуки. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, се согласува околу предлогот за дополнување и измена на одредени критериуми во Правилникот, кои треба да стартуваат од јануари 2012 година, но сепак на оваа седница, во Дневниот ред, има доставено три Барања,

на кои треба членовите на Советот да се фокусираат и да им излезат во пресрет. Барањето на Арџент Џелили го подржува во целост, додека за останатите две барања посака да се разгледуваат посебно и од дискусијата што ќе произлезе и информациите кои ќе бидат доставени од Секторот за правни работи, ќе се изјасни за одлуката.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече, дека бил и докрај останал противник, финансиски средства за дообразување и усовршување да користат членовите на Советот, од причина што тие имаат одреден мандат. Но, вработените во Советот се тие кои ќе останат и ќе допринесат во работата со својата стручност и професионалност и во иднина треба уште повеќе да допринесуваат со својата стручност и знаење. Што се однесува конкретно до Барањето на Хари Митриќески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ, рече дека Барањето максимално го подржува од причина што Хари Митриќески Клекачкоски, веќе има стекнато одредени квалификации,(кои беа набројани), и напомена дека кандидатот ги финансирал од сопствени средства. Смета дека би требало и во иднина да продолжи со дообразување, бидејќи има потенцијал и причина повеќе што тоа го бараат и потребите на работниот процес во неговото работно место. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, предложи да се заврши започнатиот циклус заклучно, со крајот на 2011 година, додека од почетокот на 2012 година да се започне со новите правила и критериуми кои ќе ги усвои Советот, за да не би се ставиле кандидатите во нерамноправна положба.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, рече дека сака да посвети поголемо внимание при разгледувањето на двете поднесени барања од Хари Митриќески Клекачкоски и Атила Мемед, за кои смета дека се од суштинско значење при одлучувањето. Имено, минатата година, рече, на 27-та јавна седница, која имала една точка на Дневен ред. Втората точка била точката Разно, под која беше поставено Барањето од Хари Митриќески Клекачкоски заедно со уште две барања поднесени од кандидатите Атила Мемед и Наташа Стојчевска. Но, тогашните побарани парични средства на Хари Митриќески Клекачкоски биле во износ од 278 илјади 450 денари, односно пониски од средствата кои се побарани во второто барање на 18-та седница. Истиот кандидат, за истиот факултет, сега бара 340 000 денари. Бидејќи се работи за истиот факултет, за истите студии и за истото времетраење на студирање, м-р Алма Машовиќ, побара објаснување за евидентната парична разлика.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски се надоврза на дискусијата за Хари Митриќески Клекачкоски и рече дека кога вршел увид на работните места и работните задачи на сите вработени во Стручната служба на СРД, донел заклучок дека за работното место на Хари Митриќески Клекачкоски, кој работи како Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ, нема потреба од високо образование, односно вработениот ги исполнува условите за потребно образование за наведеното работно место.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати Барањето за одобрување средства за упис на последипломски студии бр. 04-3404/1 од 22.09.2011 година од Арџент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот за радиодифузија РМ го стави на гласање. Советот донесе едногласна Одлука со која се одобрија бараните финансиски средства за упис на последипломски студии на Факултетот на Југоисточна Европа во Тетово, насока – Менаџирање на база на податоци, поднесено од Арџент Џелили, Соработник во Секторот за технологии и информатика на Советот, во вкупен износ од 3.600 евра во

денарска противвредност, или четири семестри по 900 евра (деветстотини евра), за упис на последиполомски студии.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати Молбата од Хари Митриќески Клекачкоски за одобрување финансиски средства за дообразување, бр.04-3279/1 од 12.09.2011 година, од Хари Митриќески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ го стави на гласање. За да му се одобрат бараните средства гласаа членовите на Советот: Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу, м-р Милаим Фетаи, м-р Зоран Стефаноски и проф. Томе Груевски. (на гласањето не беше присутен Столе Наумов). Против беа членовите на Советот: м-р Алма Машовиќ, м-р Зоран Трајчевски, Методиј Стоименоски, Замир Махмети, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчевски и Лазо Петрушевски. Еден воздржан глас од м-р Борис Арсов.

Советот одлучи да не се прифати Молбата од Хари Митрикески Клекачкоски за одобрување финансиски средства за дообразување, бр.04-3279/1 од 12.09.2011 година, (средства за упис последователно на 3 (три) години на Факултетот за детективи и безбедност), со оглед дека Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година, не го уредува прашањето за одобрување средства за додипломски студии на вработените во Стручната служба.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предлогот да се прифати Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, бр.04-3277/1 од 12.09.2011 година,од Атила Мемед, Референт за благајна и магацин, доставувач,во Секторот заекономско-финансиски работи на Советот за радиодифузија РМ го стави на гласање. За да се прифати Барањето гласаа членовите на Советот: проф. Томе Груевски, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу, м-р Милаим Фетаи и м-р Зоран Стефаноски. Против беа членовите на Советот: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Методиј Стоименовски, м-р Методија Јанчевски и Лазо Петрушевски. (на гласањето не беше присутен Столе Наумов). Советот донесе Одлука врз основа на член 154 од Законот за работните односи, кој пропишува дека работникот има право и должност на постојано образование, дошколување и оспособување во согласност со потребите на работниот процес, со цел на одржување, односно унапредување на способноста за работното место, како и зачувување на работното место (член 154, став 1), и согласно член 154, став 2 од истиот Закон, работодавачот е должен да им обезбеди образование, дошколување и оспособување на работниците, ако тоа го бараат потребите на работниот процес или ако со образованието, дошколувањето и оспособувањето може да се избегне откажувањето на договорот за вработување од лична или деловна причина, да му одобри финансиски средства за упис на втора година со цел продолжување на студиите на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје, насока – Јавна администрација, во износ од од 900,00 евра, во денарска противвредност.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, отвори дискусија поврзана со точката за Барањата за одобрување финансиски средства за упис на додилпомски и последиполомски студии. Потенцира, дека за доделувањето на финансиски средства од Советот треба да постои процедура која треба да се почитува, односно барање поднесено од кандидатот, писмено мислење од Секторот за правни работи, одлука изгласана и донесена од Советот и доколку е прифатено барањето на кандидатот, следи склучување на Договор помеѓу кандидатот и Советот. Останувајќи на истата тема, м-р Зоран Трајчевски, даде два предлога и побара по нив да се произнесат

членовите на Советот. Имено, минатата година, 2010-та, рече дека се доделени финансиски средства на кандидатот Маја Дамевска, без претходно мислење од Секторот за правни работи. Бидејќи, смета дека не е испочитувана процедурата односно нема мислење од Секторот за правни работи и дека донесената одлука од Советот е спротивна на Законот за работни односи и Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, предложи Одлуката бр.2-1996/1 од 01.07.2010 година да биде поништена. Исто така предложи да се поднесе претставка до Антикорупциска комисија за да даде мислење по однос на оваа одлука за да во иднина Советот има дефиниран став и за оваа одлука и за идните за кои Советот би требало одлучува.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека информацијата дека на Маја Дамевска и се доделени финансиски средства е точна и дека тогашната одлука за доделување финансиски средства преставувала исклучок. Причината била дека за првпат се доделени средства за дообразување односно за завршување на високото образование и поради таа причина кандидатите кои сега имаат поднесено Барање, Атила Мемед и Хари Митриќески Клекачкоски се повикуваат на наведената одлука. Тоа било преседан и сега тоа станало пракса. Што се однесува до предлогот на м-р Зоран Трајчески, да се побара мислење од Антикорупциска комисија по однос ова прашање, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски рече дека не би требало денес да се гласа за поништување на Одлуката бр.2-1996/1 од 01.07.2010 година и обратно доколку се гласа за поништување, во тој случај не треба да се побара мислење од Антикорупциската комисија. Негово мислење и став е дека не треба да се поништи одлуката, која повлекува и враќање на доделените парични средства. Причина повеќе е неможноста вработената да го продолжи школувањето од недостиг на финансиски средства. Според него подобро е можноста да се прекине со понатамошно доделување на финансии отколку целосно да се поништи веќе донесената одлука и да се врати целиот износ кој е веќе исплатен. Исто така на седницата, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, побара мислење односно постави директно прашање до Раководителот на Секторот за правни работи - дали според Законот за работни односи вработениот може да побара финансиски средства за дообразување (додипломски студии). Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска одговори дека доколку Советот за радиодифузија на РМ цени дека евентуално може да ги одобри бараните средства на работникот, врз основа на член 154 од Законот за работните односи тогаш е законски. Членот 154 од Законот за работните односи пропишува дека работникот има право и должност на постојано образование, дошколување и оспособување во согласност со потребите на работниот процес, со цел на одржување, односно унапредување на способноста за работното место, како и зачувување на работното место (член 154, став 1). Согласно член 154, став 2 од истиот Закон, работодавачот е должен да им обезбеди образование, дошколување и оспособување на работниците, ако тоа го бараат потребите на работниот процес или ако со образованието, дошколувањето и оспособувањето може да се избегне откажувањето на договорот за вработување од лична или деловна причина. Во таа насока Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, до Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска, го постави и второто прашање, зошто на 11 седница од 2010 година немало доставено мислење од Секторот за правни работи. Цветанка Митревска одговори дека Барањето на Маја Дамевска било дополнително ставено како точка на дневен ред, и од таа причина правниците немале време да подготват писмено мислење. Но доколку имало, тоа ќе било исто како и за Атила Мемед и Хари Митрикески Клекачкоски, односно по

член 154 од Законот за работни односи. Одлуката, рече, дека не е заснована на Правилникот, туку е донесена по член 154 од Законот за работни односи. Исто така напомена дека средствата во Договорот се одобрени условно, што значи дека како Маја Дамевска ги заверува семестрите, и ја носи потребната потврда така и средствата и се уплаќаат на образовната институција. Потенцира дека тогаш Советот оценил дека дообразувањето одговара на работно место на Маја Дамевска.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека е против Советот самоиницијативно да ја достави Одлуката до Антикорупциска комисија и да побара мислење за нејзината валидност, доколку тие самите не го побараат тоа. Не сака да се амнестира од одлуката која ја донел и од одговорностите кои произлегуваат од неа. Одлуката е донесена на седница на Совет, со мнозинство на гласови и смета дека не треба да се поништи.

Членот на Советот, проф. Томе Груевски, рече дека за сите одлуки за кои гласал одговорно стои зад нив и дека нема потреба од интервенција на Антикорупциската комисија. Поради наведените причини, рече дека по оваа точка бидејќи веќе еднаш гласал, сега одбива да гласа.

Бидејќи во текот на дискусијата произлезе дека можеби е потребно за оваа точка да се гласа на крајот од седницата, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, како предлог го постави одложувањето на оваа точка за на крајот од седницата. „За“, гласаа членовите на Совет: м-р Алма Машовиќ, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, акад. Бојан Шоптрајанов и м-р Методија Јанчески. Предлогот не помина.

Предлогот за да се одложи точката за наредната седница го стави на гласање. „За“ гласаа: м-р Зоран Стефаноски, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ.

Предлогот на членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, да се поништи Одлуката на работникот Маја Дамевска, распоредена на работното место референт – деловен секретар во Секретаријатот на Советот, бр.02-1996/1 од 01.07.2010 година, со која и се одобруваат средства за запишување на 3 (три) студиски години, односно 6 (шест) семестри на Филолошкиот факултет во Скопје „Блаже Конески“ – Скопје, Катедра за Славистика, затоа што е спротивна на одредбите од Законот за работните односи, Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година и поради тоа што Одлуката е донесена без писмено мислење од Секторот за правни работи пред Советот да ја донесе горенаведената Одлука, се стави на гласање. За да се поништи Одлуката на работникот Маја Дамевска гласаа: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Методиј Стоименовски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, Лазо Петрушевски и м-р Методија Јанчески. Против овој предлог гласаа: м-р Зоран Стефаноски, Бранко Радовановиќ, акад. Али Алиу и акад. Бојан Шоптрајанов. Воздржан беше Столе Наумов, проф. Томе Груевски одби да гласа а м-р Милаим Фетаи не присуствуваше на гласањето.

Советот одлучи да се поништи Одлуката на работникот Маја Дамевска, распоредена на работното место референт – деловен секретар во Секретаријатот на Советот, бр.02-1996/1 од 01.07.2010 година, со која и се одобруваат средства за запишување на 3 (три) студиски години, односно 6 (шест) семестри на Филолошкиот факултет во Скопје „Блаже Конески“ – Скопје, Катедра за Славистика, затоа што е спротивна на одредбите од Законот за работните односи, Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година и поради тоа што немало мислење од Секторот за правни работи пред Советот да ја донесе горенаведената Одлука.

Предлогот на членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Одлуката на работникот Маја Дамевска, распоредена на работното место референт – деловен секретар во Секретаријатот на Советот, бр.02-1996/1 од 01.07.2010 година, со која и се одобруваат средства за запишување на 3 (три) студиски години, сега донесената Одлука за поништување на истата горенаведена Одлука и Одлуката што денес се изгласа за одобрување финансиски средства на Атила Мемед, да се достават до Антикорупциска комисија за нивно мислење за да се преиспита законитоста на донесените одлуки на Совет, бидејќи негов став е дека не се во согласност со Законот и Правилникот се стави на гласање. „За“ гласаа: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, м-р Методија Јанчески, Методиј Стоименовски и Лазо Петрушевски. Против беа: м-р Зоран Стефаноски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, акад. Али Алиу. Воздржан беше Столе Наумов. Проф. Томе Груевски одби да гласа а м-р Милаим Фетаи беше отсутен од гласањето (седницата). Предлогот не помина. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече бидејќи овој предлог не беше усвоен тогаш лично односно самоиницијативно ќе ги достави до Антикорупциска комисија.

Поради овие причини м-р Методија Јанчески предложи да се направи ревизија на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија.

Советот одлучи да се формира комисија во состав од членовите на Советот: акад. Бојан Шоптрајанов, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески и м-р Милаим Фетаи, која ќе биде задолжена да ги разгледа двата правилника, односно, Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3480/1 од 16.10.2009 година и Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година и до Советот да достават соодветни предлози за измена и дополнување.

**Точка 34**

Советот го разгледа Извештајот за извршената ревизија на процесот за наплата на надоместокот на патни дневни трошоци за службени патувања во земјата и во странство во 2010 година.

Советот со 13 (тринаесет) гласа „За“ и еден воздржан глас од м-р Алма Машовиќ, (м-р Милаим Фетаи беше отсутен од седницата), го усвои предложениот Конечен Извештај за извршена ревизија на процесот за наплата на надоместокот на патни дневни трошоци за службени патувања во земјата и во странство во 2010 година, подготвен од Милаим Абдураими, внатрешен ревизор од Одделението за внатрешна ревизија во Советот за радиодифузија.

**Точка 35**

Советот го разгледа Извештајот од службено патување – Учество на конференција за е-демократија од 26.09.2011 година до 27.09.2011 година во Охрид.

Советот едногласно (отсутни од седницата беа м-р Милаим Фетаи и Бранко Радовановиќ) го усвои предложениот Извештај за службено патување – Учество на конференција за е-демократија од 26.09.2011 до 27.09.2011 година во Охрид, на која учествуваше членот на Советот Лазо Петрушевски.

**Точка 36**

Советот го разгледа Извештај за службено патување – Учество на меѓународна конференција за Географски Информациони Системи од 06.10.2011 до 07.10.2011 година во Будимпешта, Унгарија.

Советот едногласно (отсутни од седницата беа м-р Милаим Фетаи и Бранко Радовановиќ) го усвои предложениот Извештај за службено патување – Учество на меѓународна конференција за Географски Информациони Системи од 06.10.2011 до 07.10.2011 година во Будимпешта, Унгарија, на која учествуваше членот на Советот Лазо Петрушевски.

**Точка 37**

Советот го разгледа Извештајот од учеството на меѓународната конференција ЕТАИ 2011, организирана од Здружението на електротехничари и информатичари од РМ во Охрид.

Советот со 12 (дванаесет) гласа, (отсутни од седницата беа м-р Милаим Фетаи и Бранко Радовановиќ), и еден воздржан глас од членот на Советот м-р Алма Машовиќ, го усвои предложениот Извештај од учество на меѓународната конференција ЕТАИ 2011, организирано од Здружението на електротехничари и информатичари од РМ во Охрид , на кој учество земаа Раководителот на Секторот за технологии и информатика Арбен Саити и Арџент Џелили, соработник во Секторот за технологии и информатика во Советот за радиодифузија.

**Точка 38**

Советот ја разгледа Информацијата од меѓународната конференција „Религиска толеранција во Македонија", одржана на 7 октомври 2011 година.

Советот со 13 (тринаесет) гласа, (отсутни од седницата беа м-р Милаим Фетаи и Бранко Радовановиќ), ја усвои предложената Информација од меѓународната конференција „Религиска толеранција во Македонија", одржана на 7 октомври, 2011 година, во хотелот „Холидеј Ин" во Скопје, на која учествуваше Драгица Љубевска, виш соработник во Секторот за програмски работи во Советот за радиодифузија.

**Точка 39**

**Разно**

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи да се спроведе едукација и обука на дел од вработените во Стручната служба на Советот, кои се занимаваат со проблематиката со Јавните набавки, која е во тесна врска со Електронската аукција, која впрочем преставува и законска обврска. По прашањето за Електронската аукција и активностите кои треба СРД да ги преземе со цел да го имплементираат ваквиот начин на работа при спроведувањето на јавните набавки, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски не беше известен и побара објаснување од Секторот за правни работи, зошто навреме не го известил Советот за оваа законска обврска. Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска, рече дека изминатиот период имале многу работни обврски, а од друга страна недостиг на вработени во Секторот. Се отвори прашањето за вработување на лице кое ќе се занимава со јавни набавки и иницирање на таа активност.

По предлогот на Членот на Советот, Лазо Петрушевски, Советот одлучи, а согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2011 година, да се спроведе едукација и обука на дел од вработените во Стручната служба на Советот, кои се занимаваат со оваа проблематика.

Советот го задолжи Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска, како лице назначено од Советот, кое ги организира, координира и е одговорна за извршувањето на работите поврзани со спроведување на одредбите на Законот за јавни набавки, да подготви Информација, која ќе ги содржи податоците за: начинот на спроведување на Електронската аукција и активностите кои треба СРД да ги преземе со цел да го имплементираат ваквиот начин на работа при спроведувањето на јавните набавки, со оглед дека тоа преставува законска обврска, термините кои се предвидени за одржување на наставата и испитите, нивното времетраење, цената по пријавен кандидат, и други информации кои се од важност за спроведување на јавните набавки по електронски пат. Во обуката да се вклучи Раководителот на Секторот за правни работи и Раководителот на Секторот за технологии и информатика. Подготвената информација со горенаведените податоци да се достави до членовите на Советот и Раководителот на Стручната служба на Советот.

При тоа, членот на Советот, Лазо Петрушевски, побара и Извештаи во електронска форма за прекувремени часови и службени патувања, за периодот од 01.01.2011 до 17.10.2011. Причината која ја наведе е дека со прекувремените часови ќе се стигне до едно сознание дали во секторот постојат слабости или потреба за уште еден вработен. Извештаите во електронска форма да се однесуваат за сите вработени во Стручната служба и членовите на Совет.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, како точка под Разно, го постави прашањето за почитувањето на дозволите во однос на техничкото средство за емитување, од страна на телевизиите на државно ниво на кои им се издадени дозволи за емитување преку сателит. При тоа укажа и на техничките погодности што ги нуди новолансираниот сателит на компанијата Eutelsat, познат под името W3C, и можностите за одлично покривање на централна и источна Европа со сигнали од истиот.

Советот едногласно, (отсутен од седницата беше м-р Милаим Фетаи), одлучи да испрати Допис до сите Трговски радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност – емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит, да достават известување до СРД, најдоцна до 01.12.2011 година, со кое ќе потврдат дека во целост ги исполнуваат условите утврдени со дозволата, односно дека програмскиот сервис го емитуваат преку сателит. Составен дел на Известувањето кое ќе го достават Трговски радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност – емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит, до СРД да бидат следните информации: дали нивниот телевизиски програмски сервис, согласно издадената дозвола, се емитува преку сателит, на кој сателит и која фреквенција, со која зона на покривање, преку кој сателитски провајдер и дали сигналот оди кодирано или слободно (free to air). Исто така, Советот одлучи, доколку Трговски радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност – емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит не достават известување најдоцна до 01.12.2011 година или не почнат да емитуваат преку сателит во наведениот рок, Советот ќе започне постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, согласно Законот за радиодифузната дејност.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, побара информација, за состојбата и напредокот за работата со веб страницата на Советот. Членот на Советот, м-р

Методија Јанчески информира дека веќе биле реализирани неколку состаноци со Столе Наумов, Симона Темелкова и м-р Борче Маневски, на кој се разговарало и се трасирале одредени патишта. На веб страната на Советот веќе е поставен прашалник со 10 прашања, се со цел за подобрување на страницата.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, го искажа своето мислење околу информирањето на јавноста си информации пренесени од страна на членовите на Советот. Во насока на оваа тема рече дека секој член на Советот, го зема правото да информира на начин како што смета при тоа давајќи изјави за медиуми кој тој лично ќе го одбере. Смета дека тоа е проблем од почетокот на неговиот мандат во Советот како член и како претседател, па продолжува и понатаму. Смета дека околу ова треба да се разговара, да се договорат кој треба, дали треба, на кој начин и сл. Дали информирањето на јавноста треба да оди преку Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста каде информациите ќе се канализираат и што можеби ќе се прифати како принцип на работа. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, на крајот предупреди на крајна внимателност при давање на изјави штитејќи ги интересите на Советот за радиодифузија.

Во контекст на ова прашање, членот на Советот, Замир Мехмеди рече дека и самиот тој се нашол во ситуација кога бил злоупотребен во печатениот медиум, конкретно во весникот „Вест“, и посака да го искаже своето мислење и вистина. Рече, дека некое вработено лице од Советот изнел неточни информации во негово име и текстот во весникот „Вест“ бил комплетно невистинит и срамен. Предочи да се внимава кој и како ќе дава изјави, бидејќи за овој немил настан можеби ќе се обрати и до надлежниот суд. Членот на Советот, Замир Мехмеди, упати апел до новинарите да се повикаат на професионалност, етика и морално однесување, а истото го упати и до сите оние кои ќе се одлучат да дадат изјава, посебно во туѓо име. Замир Мехмеди рече дека не е фер прво пред Советот а потоа и спрема него, да произлегуваат информации кои што не ги соопштил јавно ниту пак воопшто ги има кажано.

М-р Зоран Трајчевски исто така се согласи дека во јавноста произлегуваат неточни информации поврзани со работењето на Советот, а посебно ја осуди случката во весникот „Вест“. Изјави дека од почетокот на неговиот мандат во Советот за радиодифузија нема дадено ниту една изјава за ниеден медиум. Се сомнева дека информациите произлегуваат од оние кои се вработени во Советот.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека ова е вечна тема и не треба да им се лутат на новинарите бидејќи тоа им е работа. Се согласува дека информациите треба да бидат вистинити и точни. Што се однесува до давање на мислење и ставови во јавноста од членовите на Советот, рече, дека секој има право, односно тоа е слободата на изразување.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека станува збор за демократска дисциплина. Тоа подразбира дека доколку одреден член на Советот не се согласува со некоја Одлука на Советот, не би требало да оди по медиуми и да дава изјави.

**Бр. 02-3693/48**
**22.12.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран СТЕФАНОСКИ**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*